АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-1917/1
21.12.2018 год.
СКОПЈЕ

Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Македонија, врз основа на член 3 став 1 алинеја 5 и член 21 став 1 алинеја 9 од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15, 39/16 и 11/18), во согласност со член 20 став 1 и 3 и член 21 став 2 и од Статутот на Агенција за филм на Република Македонија на седницата одржана на 21.12.2018 година донесе:

# ПРАВИЛНИК

**за учество на Агенцијата за филм на Република Македонија во финансирање на стручното и професионално усовршување на кадри во областа на филмот и поддршка на членство на Р.Македонија во меѓународни филмски организации**

Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат правилата за поддршка на стручното и професионално усовршување на кадри од областа на филмот, и поддршката на членствата во разни меѓународни организаци.

Член 2

Целта на овој Правилник е поблиску да се уредат дел од одредбите пропишани во Законот за филмската дејност, а кои се однесуваат на поттикнување и помагање на развојот на филмската дејност преку поддршка на стручно и професионално усовршување на кадри од областа на филмот и поддршка на членувањето на Република Македонија во меѓунардони филмски организации и асоцијации.

Член 3

(1) За поддршката од член 2 на овој Правилник, Агенцијата за филм еднаш во годината објавува Конкурс кој е отворен во текот на целата година.
(2) Конкурсот е наменет за:
- поддршка на учество на кадри од областа на филмот во домашни и меѓународни едукативни и образовни програми од посебни сегменти на филмската дејност и
- поддршка на членувањето на Република Македонија во меѓунардони филмски организации и асоцијации.
(3) На конкурсот од став 2 алинеја 1 може да конкурираат физички лица кои се државјани на Република Македонија и кои се имаат стекнато со високо образование од областа на филмската дејност. На конкурсот од став 2 алинеја 2 може да конкурираат правни лица како и непрофитни организации, здруженија на граѓани кои се регистрирани за вршење на дејнсот од областа на филмската дејнсот во Централен регистра на Р.Македонија.

Член 4

На Конкурсот за поддршка на стручно и професионално усовршување на кадри од областа на филмот можат да конкурираат физички лица кои во моментот на конкурирање работат и/или имаат искуство во работа на проекти кои се на тема која е тесно поврзана со програмата за едукација за која се побарува поддршка за присуство.

Апликантот потребно е барањето до Агенцијата да го достави најмалку 15 дена пред денот на одржување на настанот.

Член 5

(1) Агенцијата за филм котизацијата за учество/членство ја исплаќа во целост, додека во останатите трошоци за учество може да учествува во целост или делумно зависно од расположливите средства на Агенцијата за оваа намена.

(2) Квалификувани трошоци за учество на домашни и меѓународни едукативни и образовни програми/членство во меѓународни организации се трошоци наменети за: котизација за учество во програмата/членарина, трошоци за превоз и сместување.

Член 6

(1) Управниот одбор, на предлог на директорот, а по претходно мислење на Филмскиот совет донесува Одлука за прифаќање или одбивање на барања доставени по Конкурс, во рок од 60 дена од денот на неговото доставување во Агенцијата.

(2) Приоритет во финансирање имаат оние правни лица со долгогодишни и континуирани членувања во меѓунардони филмски организации и асоцијации (не помалку од 10 години).

Член 7

Агенцијата за филм на Република Македонија, склучува договори за учество во финансирање на учеството на кадри од областа на филмот во домашни и меѓународни едукативни и образовни програми.

Член 8

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување.

**Претседател на Управен одбор**
**на Агенцијата за филм**

Александар Касапинов

АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ